МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015
**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Врз основа на член 35 а во врска со чен 51, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

За организирање на јавна презентација и јавна анкета за Архитектонско-урбанистички проект за поделба на ГП 1.56 со намена А1-домување во станбени куќи од Детален урбанистички план за дел од населба Тафталиџе 1 север-југ, Општина Карпош ќе се одржи од 13.08.2020 година до 19.08.2020 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Архитектонско-урбанистички проект за поделба на ГП 1.56 со намена А1-домување во станбени куќи од Детален урбанистички план за дел од населба Тафталиџе 1 север-југ, Општина Карпош ќе се одржи на ден 18.08.2020 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Со архитектонско-урбанистичкиот проект се врши поделба на ГП 1.56 од ДУП за дел од населба Тафталиџе 1, Тафталиџе 1 север-југ и се формираат две градежни парцели 1.56.1 и 1.56.2, во рамките на проектниот опфат со површина 638,00м2 на кои е предвидена изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи. Ваквото решение е овозможено со член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18).

Анкетните листови за учество за Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-Урбанизам.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета, графичкиот приказ за Архитектонско-урбанистички проект за поделба на ГП 1.56 со намена А1-домување во станбени куќи од Детален урбанистички план за дел од населба Тафталиџе 1 север-југ, Општина Карпош и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да доставаат забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-Урбанизам, согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Стефан Богоев

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*